**И.бр.3083/2024**

Извршителот **КАРОЛИНА ТАНЕВСКА** од **Прилеп** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Финансиско друштво ЦЕМАК - КРЕДИТИ ДОО Прилеп** од Прилеп со седиште на ул."Борка Талески" бр.5, Прилеп, засновано на извршната исправа ОДУ.бр.425/22 од 24.06.2022 на Нотар Елизабета Стојаноска Прилеп, против должникот **ЈАНЕ АПОСТОЛОВСКИ** од Прилеп со живеалиште на ул:,,Наум Наумоски Борче" бр.3/18, за спроведување на извршување во вредност 601.200,00 ден., на ден 01.04.2026 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА **ТРЕТА** продажба со усно јавно наддавање на недвижниот имот сопственост на должникот **ЈАНЕ АПОСТОЛОВСКИ** од Прилеп со следните ознаки:

| **Лист В: Податоци за згради, посебни делови од згради и други објекти и за правото на сопственост** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на катастарска парцела | | Адреса (улица и куќен број на зграда) | Бр. на зграда / друг објект | Влез/Кат/Број на посебен/ заеднички дел од згр. | | | Намена. | Внатрешна површина во м2 | Право на недвижност |
| основен | дел | | | влез | кат | број | | | |
| 8792 | 0 | М. ПИЈАДЕ | 1 | 1 | ПО | 3 | Помошни простории | 7 | сопственост |
| 8792 | 0 | М. ПИЈАДЕ | 1 | 1 | ПР | 3 | Станбена зграда-стан | 35 | сопственост |

запишана во имотен лист бр.25035 при АКН КО Прилеп која се наоѓа во сопственост на должникот **ЈАНЕ АПОСТОЛОВСКИ** од Прилеп заради наплата на паричното побарување на доверителот **Финансиско друштво ЦЕМАК - КРЕДИТИ ДОО Прилеп**,

Продажбата ќе се одржи на ден **29.04.2026 година во 13:00 часот** во просториите на Извршителот КАРОЛИНА ТАНЕВСКА од Прилеп бул:,,Гоце Делчев" бр.44.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок И.бр.3083/2024 од 22.01.2025 година на извршителот Каролина Таневска од Прилеп, изнесува **1.740.899,00 денари**, а согласно Поднесок од Доверителот примен кај Извршителот на ден 25.03.2026 година, цената **е намалена за 1/3 и истата изнесува 1.160.599,00 денари** како почетна цена под која недвижноста не може да се продаде на третото усно јавно наддавање.

**Напомена: Данокот на промет на недвижноста паѓа на товар на купувачот.**

**Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености:**

Налог за извршување врз недвижност И.бр.3083/2024 од 04.11.2024 год на Извршител Каролина Таневска од Прилеп во корист на доверителот Финансиско друштво ЦЕМАК - КРЕДИТИ ДОО Прилеп, Договор за залог (хипотека) ОДУ.бр.425/22 од 24.06.2022 година на Нотар Елизабета Стојаноска Прилеп, во корист на доверителот Финансиско друштво ЦЕМАК - КРЕДИТИ ДОО Прилеп.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста недвижноста во **износ од 174.090,00 денари.**

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 300020000592220 која се води кај Комерцијална Банка АД Скјопје и даночен број 5021020506542 **најдоцна до 28.04.2026 година.**

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање НОВА МАКЕДОНИЈА и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.